РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ
СКОПЈЕ
Број, 2302-69/11
28.11.2024 година

Комисијата за жалби, врз основа на член 50 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/05, 13/07, 150/07,140/08, 17/2011, 53/2011, 70/13, 115/14, 97/2015, 192/2015, 53/16 и 98/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21 и 215/21) постапувајќи по жалбата бр.08-2058/1 од 13.9.2024 година, против Решение на Централниот регистар на Република Северна Македонија бр. 30120240011500 во врска со деловоден број 30120240010769 од 30.08.2024 година, на ден 28.11.2024 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Жалбата. бр.08-2058/1 поднесена на ден 13.9.2024 година од Васе Ѓорѓевски од Маврови Анови б.б Маврово во својство на заинтересирано лице против Решение на Централниот регистар на Република Северна Македонија бр. 30120240011500 во врска со деловоден број 30120240010769 од 30.08.2024 година **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

Решението на Централниот регистар на Република Северна Македонија со деловоден бр. 30120240011500 во врска со деловоден број 30120240010769 од 30.08.2024 **СЕ ПОТВРДУВА.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Централниот регистар на РСМ постапувајќи по пријава за упис на повторно постапување по пријава со деловоден бр.30120240010769 за упис на промена на претседател на Македонска риболовна федерација на 8.7.2024 година го запишал лицето Филип Серафимовиќ од Скопје како претседател на Федерацијата.

Во постапката за упис во Центарлниот регистар приложени се Записник од седница на Собранието на Македонска риболовна федерација, доказ за идентитетот, Изјава по член 42 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, список на членови на Собранието, список на членови на Собранието, докази за членови на Собранието, извештај од кандидациона комисија, деловник, дневен ред, пречистен текст на статутот и записници од состаноци на Иницијативниот одбор. Врз основа на наведените документи Централниот регистар донел Решение бр.30120240010769 од 8.7.2024 година.

Незадоволен од донесеното решение на првостепениот орган со деловоден бр.301202240010769 од 8.7.2024 година, Васе Ѓорѓевски до Комисијата за жалби при Централниот регистар на Република Северна Македонија, на ден 22.7.2024 година, доставил жалба со прилог на докази.

Имено, Комисијата за жалби на ден 22.8.2024 година донела Решение со кое Жалбата бр.2302-11/3 од 22.7.2024 година на жалителот Васе Ѓорѓевски ја уважила, решението на Централниот регистар на Република Северна Македонија со деловоден бр.30120240010769 од 8.7.2024 година го поништила и предметот го доставила на повторно одлучување.

При тоа во напатсвијата на Комисијата за жалби при Централниот регистар на РСМ е наведено при повторно одлучување, првостепениот орган во целост да ја согледа фактичката состојба на доказите кои се приложени кон предметот, а особено да внимава

доказот (Барањето за свикување и организација на Вонредно собрание на Македонската риболовна федерација, поднесено од Иницијативниот одбор на риболовни здруженија – членки на МРФ со цел свикување и организација на вонредно собрание на МРФ од 4.6.2024 година на која се потпишани 24 здруженија членки на Македонската риболовна федерација), **дали истите претставуваат 1/3 од вкупниот број на членови на федерацијата, со цел исполнување на законските предуслови утврдени во член 24 став 3 од Законот за здруженија и фондации** („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 239/22), како и членовите 31, 32, 33, 34 и 35 од Статутот на Македонската риболовна федерација, **за одржување на полноважно вонредно собрание.**

Централниот регистар на Република Северна Македонија, повторно постапувајќи по пријавата за упис, притоа ценејќи ги насоките и напатствијата дадени во Решението од Комисијата за жалби до подносителот на Пријавата за упис на ден 29.08.2024 година доставил Известување бр.08-1970/1 со кое го задолжил подносителот во рок од 5 дена да достави Список на вкупен број на членови на Македонската риболовна федерација со цел да го утврди потребниот број на членови согласно член 24 став 3 од Законот за здруженија и фондации. Подносителот на пријавата на ден 30.08.2024 година, постапил по даденото известување и со пропратно писмо доставил Список со вкупен број на членови на федерацијата. Согласно доставениот доказ , Централниот регистар оценил дека се исполнети условите за упис и на ден 30.08.2024 година донел Решение со деловоден бр.30120240011500 во врска со деловоден број 30120240010769, со кое повторно извршил упис на промена на овластено лице и за претседател на федерацијата го запишал лицето Филип Серафимовиќ од Скопје незадоволен од донесеното Решение на Централниот регистар на Република Северна Македонија со деловоден бр. 30120240011500 од 30.8.2024 година кој доставил жалба до Комисијата за жалби.

Во жалбени наводи жалителот истакнува дека е незадоволен од Решението број 301202440011500 во врска со деловоден број 30120240010769 од 30.8.2024 година, донесено од Централниот регистар на Република Северна Македонија, поради суштествени повреди на одредбите на управната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичката состојба и погрешна примена на материјалното право.

Жалителот, наведува дека при повторно одлучување и донесување на решението со деловоден бр.30120240011500 во врска со деловоден број 30120240010769 првостепениот орган не ги земал во предвид одредбите кои се однесуваат на вонредното собрание на Македонската риболовна федерација, а особено не го земал во предвид фактот дека вонредното собрание е свикано спротивно на член 34 и член 40 од Статутот на Македонската риболовна федерација. Во жалбата исто така се наведува, дека спротивно на одредбите кои се однесуваат на свикување на вонредно собрание од статутот на Федерацијата Иницијативниот одбор свикал вонредно собрание, без притоа да бидат известени (актуелниот претседател) на федерацијата и дел од членовите на Македонската риболовна федерација и без да биде доставен било каков предлог за одржување на вонредно собранието. Жалителот посочува на вонредното собрание, спротивно на членот 23 од Статутот на Македонската риболовна федерација, присуствувале и гласале здруженија кои немаат платено годишна членарина зашто се доставени докази во прилог, како и тоа да на вонредното собрание присуствувале здруженија чиј деловен статус е неактивен.

Со жалбата и предлага на Комисијата за жалби истата да ја уважи и одлучи мериторно по решението бр. 30120240011500 да го стави вон сила и да го врати уписот на стариот претседател на здружението во претходна состојба со претседател Васе Ѓорѓевски.

Комисијата за жалби разгледувајќи ја доставената жалба и по детална анализа на жалбените наводи и сите прилози во предметот, најде дека:

Жалбата е неоснована.

При детално разгледување на списите во предметот во смисла на пријава за упис на промена на овластено лице на Македонска риболовна федерација, Комисијата за жалби утврди како што следи.

На ден 4.6.2024 година одржан е конститутивен состанок на Иницијативниот одбор на риболовни здруженија членки на МРФ. По одржување на конститутивниот состанок истиот ден на 4.6.2024 година, врз основа на член 32 став 1, член 34 став 2 и член 36 став 3 од Статутот на Македонска риболовна федерација, Иницијативен одбор на риболовни здруженија членки на Македонската федерација до Македонската Риболовна федерација, Претседател на МРФ Васе Ѓорѓевски, Управниот одбор на МРФ, доставило Барање за свикување и организација на Вонредно собрание на Македонската риболовна федерација заведено во федерацијата со бр.03-66 од 4.6.2024 година, со прилог потписи и печати од вкупно 24 риболовни здруженија членки на федерацијата. На ден 19.06.2024 година, од страна на Иницијативниот одбор на риболовни здруженија – членки на МРФ одржан е втор состанок и донесена е Одлука за свикување на вонредно собрание на Македонската риболовна федерација од 19.06.2024 година, истиот ден Иницијативниот одбор на риболовни здруженија до Македонската риболовна федерација заведено под архивски бр. 03-68 од 19.06.2024 година, до претседателот на МРФ Васе Ѓорѓевски, Управниот одбор на МРФ, сите риболовни здруженија -членки на Македонската риболовна федерација, доставило известување и покана за присуство на Вонредно собрание на Македонската риболовна федерација кое ќе се одржи на 29.6.2024 година со почеток во 13:00 часот во Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз" на ул.„11 ти октомври" бр.42 Скопје, со предлог дневен ред и список на здруженија /делегати, поканата и сите списи биле поставени и на огласната табла во седиштето на Македонската риболовна федерација во период од 19.6.2024 година до 29.6.2024 година.

Кон списите се доставени и записник за одржано вонредно Собранието МРФ на 29.06.2024 година, Список со вкупен број на членови на Македонската риболовна федерација заведен со бр.0302-93 од 30.08.2024 година, доставена од лицето Филип Серафимовиќ, Список на делегати со мандат за вонредно собрание на 29.6.2024 година, список на присутни делегати на вонредно собрание одржано на 29.6.2024 година, Дневен ред од Собранието, Извештај на Верификационата комисија на Вонредното собрание на Македонската риболовна федерација одржано на 29.6.2024 година, Извештај на Кандидационата комисија на Вонредното собрание на Македонската риболовна федерација, Одлука за избор на претседател на здружението на Македонската Риболовна Федерација од 29.6.2024 година, Одлука за промена на претседател на здружението Македонска Риболовна Федерација од 29.6.2024 година, Одлука за именување на овластен потписник на жиро сметката на Македонската риболовна федерација од 29.6.2024 година, Изјава од 5.7.2024 година од Филип Серафимовиќ во својство на избран претседател на Македонската риболовна федерација заверена под УЗП бр.1419/2024 од 5.7.2024 година од Нотар Сања Бозовска нотар за подрачјето на Основните судови на Град Скопје, Копија од лична карта за лицето Филип Серафимовиќ, Изјава согласно чл.42 ст.3 ал.7 од Законот за здруженија на граѓани и фондации дадена од Филип Серафимовиќ на ден 1.7.2024 година заверена под УЗП бр.12246/2024 на ден 2.7.2024 година од Нотар Дарко Стојкоски – Нотар за подрачјето на Основните судови на Град Скопје, Образец заверен потпис – ЗП заверен под УЗП бр.8330/2024 на ден 2.7.2024 година од Нотар Андријана Ѓорѓевска – Нотар за подрачјето на Основните судови на Град Скопје.

Комисијата утврди дека иницијативен одбор составен од 24 члена на ден 4.6.2024 година, врз основа на член 32 став 1, член 34 став 2 и член 36 став 3 од Статутот на Македонска риболовна федерација, Иницијативен одбор на риболовни здруженија членки на Македонската федерација до Македонската Риболовна федерација, Претседател на МРФ Васе Ѓорѓевски, Управниот одбор на МРФ, доставило Барање за свикување и организација на Вонредно собрание на Македонската риболовна федерација заведено во федерацијата со бр.03-66 од 4.6.2024 година, со прилог потписи и печати од вкупно 24 риболовни здруженија членки на федерацијата. Во барањето е наведено дека членовите на иницијативниот одбор претставуваат повеќе од 1/3 од вкупниот број на членови на

Македонската риболовна федерација. Подносителот на пријавата како прилог кон истата доставува Список на сите членки на федерација со вкупен број 66 риболовни здруженија од кои видно од Списокот на риболовни здруженија со делегати со мандат за вонредно собрание биле евидентирани вкупно 60 риболовни здруженија со вкупно 98 делегати со право на глас на собранието, додека видно од Списокот на присутни делегати на вонредно собрание одржано на 29.6.2024 година евидентирани се вкупно 53 делегати од вкупно 98 кои имале право на глас.

Согласно член 34 Статутот на Македонска Риболовна федерација „Вонредна седница на Собранието ја подготвува и свикува Управниот одбор. Седницата се свикува и по предлог на 1/5 (една петтина) од вкупниот број на членки на федерацијата. Доколку Управниот одбор на Македонската риболовна федерација во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ка свикува иницијаторот. Вонредната седница на Собранието може да се свика и по предлог на Надзорниот одбор.

Согласно член 24 став 3 од Законот за здруженија на граѓани и фондации „вонредна седница на собранието може да се одржи по писмено барање на 1/3 од членовите на здружението".

При разгледувањето на списите во предметот, ценењето на жалбените наводи и утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата утврди дека Барањето за свикување на вонредна седница е составено на ден 4.6.2024 година, заведено во федерацијата со бр.03-66 со прилог потписи и печати од вкупно 24 риболовни здруженија членки на федерацијата кои претставуваат повеќе од 1/3 од членовите, а Вонредното собрание на Федерацијата согласно доставените прилози кон пријавата е одржано на ден 29.06.2024 година на кое биле евидентирани вкупно 60 риболовни здруженија со вкупно 98 делегати со право на глас на собранието, додека видно од Списокот на присутни делегати на вонредно собрание евидентирани се вкупно 53 делегати од вкупно 98 кои имале право на глас.

Согласно член 24 став 4 од Законот за здруженија на граѓани и фондации „Вонредната седница на собранието од ставот (3) на овој член се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување."

Првостепениот орган при повторното одлучување ги ценел насоките дадени во образложението на Решението бр.2302-54/1 од Комисија за жалби и побарал од подносителот на пријавата да достави и дополнителен доказ – Список на вкупен број членови. Подносителот на пријавата постапил по даденото известување и го доставил потребниот доказ врз основ на што првостепениот орган, правилно постапил и го запишал лицето Филип Серафимовиќ за претседател на федерацијата

Согласно се горе наведено , како и согласно член 50 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, Комисијата за жалби одлучи како во изреката на Решението.

**Правна поука:**

Ова решение е конечно и против истото може да се поднесе тужба за управен спор пред Управниот суд по рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

КОМИСИЈА НА ЖАЛБИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KOMISIONI PËR ANKESA

**Комисија за жалби,**
**Претседател,**
**Стојанчо Радичевски**